ONLINEMEDIA.MK

26 ЈАНУАРИ 2026 година

**ЗДРУЖЕНИЕТО ОНЛАЈНМЕДИА СО РЕАКЦИЈА ЗА ЕТИКЕТИРАЊЕ МЕДИУМИ**

Здружението ОНЛАЈНМЕДИА најостро ја осудува денешната прес-конференција на Социјал-Демократскиот сојуз (СДСМ), на која се напаѓаат и клеветат одредени медиуми, од кои дел се членови на здружението ОНЛАЈНМЕДИА.

Ниту една политичка партија во Македонија не смее јавно политички да се пресметува и не смее јавно да дискредитира, ниту еден медиум, ниту пак новинар.

Кај СДСМ се нотира загрижувачки континуитет на јавна политичка пресметка, јавно дискредитирање, јавно етикетирање и јавно навредување на медиуми, на цели новнарски редакции, и на повеќе новинари.

Политичките партии во Македонија мора да го надминат тоа, и да разберат дека критиката до нив како политички субјект, а упатен од медиумите и новинарите е сосем легитимно нешто и всушност треба да го разберат позитивно, како забелешка за нивната работа и дејствување како политичка партија.

Сите политички чинители, треба да покажува дека имаат капацитет за демократско политичко дејствува, и да разберат дека медиумите се коректор на нивното работење.

Претседател
**Влатко** КОШЕВАЛИСКИ

*Здружение за заштита и унапредување на интернет медиуми ОНЛАЈНМЕДИА*

*Адреса: ул. Кеј 13 Ноември бр. 8/2-3* | Контакт *e-mail: info@onlinemedia.mk*